*МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА*

Бул. Гоце Делчев бр.18, 1000 Скопје, Тел.. 5119860 Факс. 5119861
[www.mrt.com.mk](http://www.mrt.com.mk)

# ФИНАНСИСКИ ПЛАН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИОТ ПЛАН НА ЈАВНО РАДИОДИФУЗНО ПРЕТПРИЈАТИЕ МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА ЗА 2021 ГОДИНА СО ПРЕНАМЕНА НА СРЕДСТВА

ВОВЕД

ЈРП Македонска радио телевизија е јавен радиодифузен сервис кој врши дејност од јавен интерес во областа на радиодифузијата во Република Северна Македонија која опфаќа производство и обезбедување на радио и телевизиски програми и програмски сервиси. На територијата на РС Македонија, Македонската радио телевизија обезбедува програма преку еден ТВ програмски сервис на македонски јазик со дневно времетраење од 24 часа и еден ТВ програмски сервис на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кој е различен од македонскиот јазик и кој од месец април 2020 година започна со емитување на програма на албански јазик со дневно времетраење од 24 часа секој ден во неделата. Во истиот период програмата на ЈРП МРТ беше збогатена и со три нови телевизиски програмски сервиси и тоа: МТВ 3 – ТВ канал кој емитува забавно - музичка, културна, но пред се програма од областа на спортот и наменета за гледачите љубители на спортот, кој ќе работи во насока на откуп и емитување на сите позначајни спортски настани, потоа МТВ 4 – ТВ канал кој емитува документарна програма и програма на етничките заедници во РСМ како и детски ТВ канал – Канал 5 кој акцентот на своето работење го става на најмладата популација и кој обработува едукативна, документарна, забавна и програма со содржина од други најразлични области наменета за деца и млади, сите со дневно времетраење на програмата од 24 часа секој ден во неделата.

Исто така, програмата на јавниот радиодифузен сервис се емитува и преку најмалку два редовни радио програмски сервиси на македонски јазик и еден радио програмски сервис на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кој е различен од македонскиот јазик и на другите немнозински заедници со 24 часовно емитување секој ден во неделата, а во тек се активности за започнување со работа и на еден нов радио програмски сервис МРА 4 – на кој ќе се емитува радио програма на етничките заедници во РСМ.

МРТ обезбедува и посебни радио програми наменети за соседните земји и Европа на странски јазици и посебни радио програми наменети за информирање на иселениците и граѓаните на РСМ кои живеат во соседните земји, во Европа и на другите континенти на македонски и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кој е различен од македонскиот јазик и на другите немнозински заедници.

МРТ обезбедува и најмалку еден радио програмски сервис и еден ТВ програмски сервис преку сателит и /или интернет наменет за иселениците и граѓаните на РСМ кои живеат во Европа и на другите континенти на македонски и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кој е различен од македонскиот јазик и на другите немнозински заедници.

МРТ го обезбедува и програмскиот сервис на Собранискиот канал утврден со Законот за Собрание на Република Северна Македонија.

Во согласност со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ЈРП МРТ изработува Годишна програма за работа за наредна година која содржи Програма за работа за наредна година со планирани активности за исполнување на програмските активности како и Финансиски план за наредната година кој содржи податоци за планираните приходи и расходи. Изработката на Финансискиот план е базирана на показателите од работењето во минатите години, реализацијата на тековните активности како и на планираните или очекувани активности во наредната година, имајќи ги предвид притоа условите и можностите за обезбедување на потребните финансиски средства за реализација на планираните програмски содржини но и за навремено сервисирање на создадените тековни и пренесени обврски.

Годишната програма за работа на ЈРП Македонска радио телевизија за 2021 година беше усвоена од страна на органите на управување во МРТ и истата беше доставена до Собранието на РСМ.

Меѓутоа, следејки ја реализацијата на тековното работење и зацртаните програмски активности во ЈРП МРТ во текот на изминатиот период од 2021 година (првите шест месеци од годината), а и согласно доставеното Барање од страна на Директорот на МТВ и Програмскиот колегиум при Македонската телевизија за ревидирање на планираните трошоци посебно во делот на програмските права и програмските активности, создавање на програма, како и дневно следење на актуелните настани во земјата и странство како и за брза и квалитетна техничко-технолошка изведба на програмата, се јави потреба од ревидирање на претходно планираните средства за

2021 година особено во делот за Програмски права, но и ревидирање на дел од останатите планирани износи-трошковни ставки во Финансискиот план на ЈРП МРТ за 2021 година.

Исто така, треба да се нагласи дека во текот на првото полугодие од 2021 година намален е бројот на вработени, пред се, со остварување на правото за пензија по редовен пат како и поради траен инвалидитет и смртни случаи, што доведува до зголемен одлив на кадарот, а истовремено немање на можност за реализација на предвидените нови вработувања за пополнување на испразнетите работни места односно прилив на кадар. Во врска со ова се јави зголемена потреба од човечки ресурси за реализација на сите предвидени програмски активности и проекти, односно потреба да се ревидираат и ставките за бруто плати за вработените како и надоместоците по основ на авторски договори.

Оттука, потребно е да се изврши измена на Финансискиот план на ЈРП МРТ за 2021 година и тоа во делот на расходи а со пренамена на првично планираните средства кај одделни трошковни ставки.

Со оваа измена на Финансискиот план на МРТ за 2021 година со пренамена на средства вкупниот износ на планирани приходи останува непроменет.

## А. ПЛАН НА ПРИХОДИ

За реализирање на планираните програмски и останати активности во 2021 година со Финансискиот план на ЈРП Македонска радио телевизија се планира да се обезбедат приходи по следните основи:

**Приход од Буџет на Република Северна Македонија**

Финансиските средства наменети за финансиска поддршка на редовното работење кои ЈРП МРТ ги добива од Буџетот на РСМ, како средства за финансирање на радиодифузната дејност, се планираат во износ од 894.000.000 денари или 87,4 % од вкупно планираниот приход за 2021 година.

**Приходи од продажба на рекламен простор**

Очекуваните приходи од продажба на рекламен простор односно од емитување на аудио и аудио визуелни комерцијални комуникации емитувани во рамки на програмски содржини обезбедени врз основа на склучени посебни договори со обезбедувачи на аудио или аудиовизуелни дела со заштитени авторски права, во согласност со условите од договорот, се планирани во висина од 100.000.000 денари и истите во вкупниот планиран приход за 2021 година учествуваат со 9,8%.

Овие средства се планира да се реализираат од продажба на рекламен простор во рамки на емитување на нови програмски содржини во делот на копродукции, останати програмски права, спортска, филмска, документарна програма и слично, која МРТ планира да ја направи достапна за своите гледачи во идната 2021 година преку сопствена продукција, копродукција и преку откуп на правата за емитување.

**Приходи од закупнини**

Приходот по основ на давање под наем на деловен простор и опрема на надворешни соработници е планиран во износ од 500.000 денари.

**Приходи од услуги во земјата**

По основ на дадени технички услуги на надворешни корисници (снимање во студијата на МРТ, обезбедување на коментаторски позиции и ISDN линии, преснимување и користење на снимен архивски материјал, ангажирање на вработени за извршување на работи од заеднички интерес со останатите државни и останати институции во кулата како и други услуги во земјата), за 2021 година, планирани се приходи во вкупен износ од 3.000.000 денари и истите во вкупно планираните приходи учествуваат со 0,3%.

**Приходи од услуги во странство**

Приходите за извршени услуги во странство (технички услуги, отстапени права, коментаторски позиции, ISDN линии и останати услуги) се планирани во износ од 2.000.000 денари и во вкупно планираните приходи истите учествуваат со 0,2%.

**Останати деловни приходи**

Останатите деловни приходи се планира да се реализираат по основ на:

- приходи од камати
- приходи по основ на позитивни курсни разлики
- наплатени отпишани побарувања од минати години
- приходи од отпишани обврски
- останати дополнителни приходи од претходни години и слично

Овие приходи во 2021 година се планираат во износ од 18.500.000 денари и нивното учество во вкупно планираните приходи изнесува 1.8%.

**Приходи од наплата по основ на судски одлуки**

Приходите кои се планираат со Финансискиот план по основ на разрешување на судски спорови во корист на МРТ изнесуваат вкупно 1.500.000 денари или 0,1% во однос на вкупниот износ на планирани приходи за 2021 година.

**Приходи од донации, продажба на програма и услуги**

Приходите по основ на продажба на програма и услуги, донации и слично во 2021 година се планирани во износ од 3.000.000 денари и истите учествуваат со 0,3% во вкупниот планиран приход во МРТ за 2021 година.

**Вкупните** планирани приходи за 2021 година во износ од 1.022.500.000 денари по сите основи треба да ги покријат планираните програмски и други активности во наредната година, не отстапувајќи при тоа од законските обврски на Македонската радио телевизија како јавен сервис на граѓаните во државата.

Планираните активности за 2021 година воглавно ќе бидат насочени кон:

- Исполнување на редовните активности во МРТ, односно создавање (производство) и емитување на сопствена радио и телевизиска програма на

радио и на телевизиските програмски сервиси и емитување на истата на македонски, албански, турски, српски, ромски, влашки и бошњачки јазик.

- Откуп на права за емитување на играна програма и серии, набавка на странска документарна програма, драмска програма, реализација на музички емисии, детска програма од најразлични жанрови, откуп на готови програмски содржни од најразлични области или пак заедничка продукција и копродукција на разни видови емисии и серијали,
- Откуп на права за директен пренос и снимки од значајни спортски настани и манифестации, светски или европски првенства во фудбал, ракомет, зимски спортови и слично,
- Реализирање на програмските содржини на посебните радио програми наменети за соседните земји и Европа и радио програми наменети за информирање на иселениците во странство, како и обезбедување на програмските сервиси преку сателит и/или интернет,
- Континуирана набавка на нова современа опрема и други основни средства, одржување на постојната опрема и реконструкција и одржување на објектите на МРТ.

Планираните приходи на ЈРП МРТ за 2021 година поединечно по ставки се претставени во табеларен преглед, а износите се изразени во денари.

## ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ ВО ЈРП МРТ ЗА 2021 ГОДИНА

| ПРИХОДИ | Остварени приходи 2020г | Планирани приходи за 2021 год. | Остварени приходи во 2021г (јуни) | Планирани приходи за 2021 год. со пренамена на средства | Индекс 5/3*100 | Индекс 5/4*100 | Структура 2021 г.- колона 5 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| Приход од Буџет на РСМ- средства за финансирање на радиодифузна дејност | 856,750,000 | 894,000,000 | 391,125,000 | 894,000,000 | 100.0 | 228.6 | 87.4 |
| Закупнини | 301,594 | 500,000 | 97,820 | 500,000 | 100.0 | 511.1 | 0.0 |
| Приходи од услуги во земјата | 2,069,256 | 3,000,000 | 702,962 | 3,000,000 | 100.0 | 426.8 | 0.3 |
| Приходи од услуги во странство ( технички услуги, коментаторски позиции, ISDN линии, отстапени права и сл.) | 103,440 | 2,000,000 | 74,924 | 2,000,000 | 100.0 | - | 0.2 |
| Останати деловни приходи (приходи од камати, позитивни курсни разлики,наплатени отпишани побарувања од минати години,отпишани обврски, приходи од минати години), дополнително утврдени приходи од претходни години | 24,271,529 | 18,500,000 | 35,441,670 | 18,500,000 | 100.0 | 52.2 | 1.8 |
| Приходи од наплата по судски одлуки | 779,151 | 1,500,000 | 2,937,879 | 1,500,000 | 100.0 | 51.1 | 0.1 |
| Продажба на рекламно време (маркетинг) | 7,126,770 | 100,000,000 | 6,939,413 | 100,000,000 | 100.0 | 1.441,0 | 9.8 |
| Приход од донации, продажба на програма и услуги | 786,431 | 3,000,000 | 0 | 3,000,000 | 100.0 | 0.0 | 0.3 |
| Приход од донација од ААВМУ | 30,000,000 | 0 | 0 | 0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Приход од МИОА за програмски и техничко-технолошки развој | 90,000,000 | 0 | 0 | 0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| **СЕ ВКУПНО :** | **1,012,188,171** | **1,022,500,000** | **437,319,668** | **1,022,500,000** | **100.0** | **233.8** | **100.0** |

## Б. ПЛАН НА РАСХОДИ

Вкупните планирани расходи на ЈРП Македонска радио телевизија за 2021 година за реализирање на редовните и инвестиционите активности околу создавање и емитување на програмата изнесуваат 1.022.500.000 денари.

Планираните расходи за 2021 година низ поединечни ставки ги претставуваат неопходните потреби на ЈРП МРТ, а трошењето на финансиските средства ќе се реализира рационално, економично и наменски во согласност со утврдениот Финансиски план и законите и позитивните законски прописи.

**Планот на расходи за 2021 година ги опфаќа следните планирани групи на трошоци:**

### Трошоци на вработените

Вкупниот планиран износ на трошоци во групата Трошоци на вработените со Финансискиот план за 2021 година изнесува 481.910.000 денари. Споредено со претходно планираните средства во вкупен износ од 485.910.000 денари, со оваа пренамена на средтства, групата Трошоци за вработените е намалена за 4.000.000 денари. Имено, позначајна измена која се прави во оваа група на трошоци е намалувањето на планираниот износ на ставката Бруто плати за вработените кое се врши поради фактот што сеуште не се реализирани планираните нови вработувања па, од таа причина средствата ќе се пренаменат за дополнување на ставката авторски договори со цел ангажирање на надворешни лица преку авторски договор за да се надомести недостигот од кадар во МРТ. Инаку, во оваа група на трошоци, покрај бруто платите на вработените, спаѓаат и надоместоците за исплата на отпремнина на вработените кои ги исполнуваат условите за одење во пензија, други лични примања (останати надоместоци – помош исплатена на вработените во случај на смрт на вработен или на член на потесно семејство), трошоците за здравствени услуги, пресметан регрес за годишен одмор, за јубилејни награди, паричен надомест за последици од елементарни непогоди, за боледувања подолги од шест месеци и слично, како и трошоците за едукација на вработените (посета на семинари, советувања). Бруто платата за 2021 година е пресметана согласно позитивните

законски прописи кои се на важност во РС Македонија, согласно последните измени во Законот за работни односи, Законот за административните службеници, Законот за вработени во јавниот сектор и врз основа на Колективниот договор на ЈРП МРТ со кој се уредуваат сите права, обврски и одговорности на вработените на МРТ кои произлегуваат од работниот однос.

## Патни трошоци и транспортни услуги

Оваа категорија ги опфаќа трошоците за службени патувања во земјата и странство - дневници, ноќевања и превоз, како и трошоците за користење на сопствено возило, трошоците за патарина, услугите за такси превоз и слично, за што е планирана сума во вкупен износ од 7.420.000 денари (помалку за 80.000 денари од претходно планираните средства). Најголемо учество во овие трошоци имаат патните трошоци и дневниците за службени патувања бидејќи МРТ како јавен радиодифузен сервис за потребите, пред се, на информативните програми, ги следи и пренесува до гледачите и слушателите сите значајни настани од јавен карактер во земјата и странство, како настаните во врска со следење и снимање на поважните културни, музички, спортски и научни настани и манифестации.

## Заеднички трошоци

Оваа група на трошоци е планирана во вкупен износ од 171.280.000 денари и истата ги опфаќа следните видови трошоци:

***Трошоци за суровини и материјали***

Група во која се опфатени трошоците за набавка на електричен и технички материјал, материјал (резервни делови) за поправка и одржување на опремата и градежните објекти во МРТ, материјали за сценографија, реквизита, шминка и фризура и во која првично планираниот вкупен износ од 4.000.000 денари е намален за 1.000.000 денари и сега изнесува вкупно 3.000.000 денари.

***Трошоци за останати материјали***

Група на трошоци со претходно планиран вкупен износ од 2.000.000 денари во која спаѓаат трошоците за канцелариски материјал, материјал за возен парк, заштитна

облека и обувки и ХТЗ опрема, со оваа пренамена на средства е намалена за 250.000 и сега изнесува вкупно 1.750.000 денари.

***Трошоци за енергија***

Вкупниот планиран износ на трошоци во оваа група е 34.500.000 денари и истата ги опфаќа тековните трошоци за електрична енергија, топлотна енергија и гориво. Споредбено со првично планираниот вкупен износ од 36.000.000 денари, со оваа пренамена на средства во Финансискиот план за 2021 година, групата Трошоци за енергија е намалена за 1.500.000 денари и тоа во ставката Електрична енергија поради утврдена пониска реализација на постапката за јавна набавка.

***Трошоци за ситен инвентар и автогуми***

Оваа група на трошоци е планирана во износ од 2.600.000 денари односно, во однос на предходно планираните 5.000.000 денари, истата е намалена за 2.400.000 денари.

***Поштенски и телефонски услуги, интернет, аудио и видео линии***

Група на трошоци која со оваа пренамена на средства е планирана во вкупен износ од 13.750.000 денари, што е помалку за 100.000 денари во однос на претходно планираните средства, а се однесува на трошоци за телефонски - директни линии, мобилни линии, интернет и поштарина како и трошоци за аудио и видео линии кои се неопходни за пренос на програмата, особено при емитување на настани од областа на спортот.

***Услуги за одржување и заштита***

Групата на трошоци -Услуги за одржување и заштита- за 2021 година е планирана во вкупен износ од 21.850.000 денари а ги опфаќа трошоците за следните видови на услуги: агенциски услуги за физичко обезбедување на имот, услуги за инвестиционо и тековно одржување на основните средства и градежни објекти, одржување на возилата на МРТ и набавка на резервни делови за нив, одржување на ситен инвентар и автогуми, услуги за одржување на WEB страната на МРТ, агенциски услуги за одржување на хигиена и други услуги за одржување и заштита.

***Комунални услуги***

Во оваа група на трошоци спаѓаат трошоците за вода и ѓубретарина, дератизација, дезинфекција и дезинсекција во објектите на МРТ, трошоци за гаражирање и паркирање на возила и истата е планирана во вкупен износ од 4.590.000 денари.

***Останати услуги од работењето***

Во оваа група на трошоци за 2021 година планирани се средства во вкупен износ од 1.200.000 денари (за 300.000 денари пониско од претходно планираните средства) и истата опфаќа услуги за регистрација на возила, објава на огласи и конкурси, трошоци за противпожарна заштита, шпедитерски услуги, заверка на пасоши и визи за патување надвор од државата и слично.

***Трошоци за амортизација на основни средства***

Трошоците за амортизацијата на основните средства претставуваат годишен отпис односно исправка на вредноста на опремата која тековно се набавува како и на опремата која е набавена во рамки на инвестиционите активности и процесот на дигитализација на ТВ опремата т.е. премин од аналогна кон дигитална технологија.

За амортизација на основните средства за 2021 година со оваа пренамена на средства планирани се вкупно 63.000.000 денари.

За резервирања по основ на судски спорови планирани се 400.000 денари како дополнителни средства за 2021 година.

***Вредносно усогласување (обезвреднување) и траен отпис***

За вредносно усогласување на побарувањата од купувачите за 2021 година се планирани се вкупно 1.000.000 денари односно за 1.000.000 денари помалку во однос на претходно планираните 2.000.000 денари.

***Трошоци за реклама, промоција, пропаганда и репрезентација***

За оваа категорија на трошоци со пренамената на Финансискиот план за 2021 година се планирани вкупно 500.000 денари, помалку за 100.000 денари во однос на претходниот план за 2021 година;

***Премии за осигурување***

Планираните средства за премии за осигурување на вкупниот движен и недвижен имот и лица во МРТ во 2021 година изнесуваат 1.700.000 денари;

***Банкарски услуги и трошоци на платен промет***

Планираните средства за банкарските трансакции кои МРТ ќе ги извршува во 2021 година заедно со таксата за истакнување на фирма изнесуваат вкупно 610.000 денари.

***Останати трошоци***

За групата на трошоци во која спаѓаат трошоците за добиени услуги за контрола на квалитет, атестирање, изработка на елаборати и технички проекти, како и трошоци за стручна литература и списанија, со Финансискиот план за 2021 година планирани се средства во вкупен износ од 100.000 денари што е намалување за 200.000 денари;

***Трошоци за надомест и други примања на членовите на Програмски совет и Надзорен одбор на МРТ***

Оваа група на трошоци за 2021 година со пренамената на средства во Финансискиот план за оваа година е зголемена за 3.800.000 денари и сега е планирана на износ од 9.000.000 денари а исплатувањето на истите е во согласност со Законот за ААВМУ каде што е утврдена висината на надоместоците за членовите на ограните на управување во МРТ;

***Даноци, судски трошоци и административни такси***

Трошоците за даноци (данок на приход за исплати во странство, задржан данок и сл.) како и трошоците поврзани со судските предмети кои се во постапка за 2021 година планирани се во вкупен износ од 4.050.000 денари што е зголемување за 550.000 денари во однос на претходно планираните средства;

***Казни, пенали, надомест на штети***

За овие видови на трошоци планирани се вкупно 400.000 денари односно помалку за 100.000 денари;

***Дополнително утврдени расходи од минати години***

Дополнително утврдените расходи од минати години со оваа пренамена на средства во Финансискиот план на МРТ за 2021 година се планирани во висина од 1.400.000 денари и истите се однесуваат на трошоци по разни основи кои биле планирани во минат период од тековото работење на МРТ но, во тој период, за истите не се доспеани фактури (расходи по фактури од минати години за извршени набавки и услуги во земјата и странство и слично).

***Камати од работење и затезни камати***

Споредбено со досегашната но и со очекуваната реализација на трошоците за Камати од редовното работење и затезни камати, истите во однос на првично планираниот вкупен износ намалени се за 1.000.000 денари и сега се планираат во висина од 4.000.000 денари.

***Негативни курсни разлики***

Трошоците по основ на негативни курсни разлики кои произлегуваат од девизниот платен промет во рамки на тековното работење на МРТ, пред се, за откуп на странска филмска и спортска програма, како и за реализација на набавки на опрема, за 2021 година се планирани во вкупен износ од 1.000.000 денари што е намалување за 2.000.000 денари во однос на претходно планираните средства;

***Трошоци за набавка на стоки и услуги до 1.000 евра***

Оваа група на трошоци ги опфаќа набавките на стоки и услуги надвор од планот за јавни набавки а кои во вкупен износ на месечно ниво не го надмининуваат износот од 1.000 евра во денарска противвредност.

## Програмски права

Категоријата на трошоци под наслов Програмски права, за 2021 година, планирана е во вкупен износ од 288.150.000 денари што е повеќе за 19.150.000 денари и истата се однесува на трошоци во врска со откуп на права за емитување на играна филмска и документарна програма, останати програмски права, надомест за фестивал ЕВРОСОНГ, надомест за снимање фестивали, откуп на права за емитување на актуелни и позначајни настани од светот на спортот како Лига на шампиони во фудбал, Европско првенство во фудбал, Лига Европа исто така во фудбал, Европско првенство во фудбал, ЛОИ и други спортски настани како и откуп на програми од независни продуценти, трошоци за реализација на копродукциски проекти со најразновидна содржина како и откуп или продукција и копродукција на најразновидини емисии и серијали за најмладата популација.

## Останати трошоци од работење

Оваа група на трошоци е планирана во вкупен износ од 68.440.000 денари и истата ги опфаќа следните видови останати трошоци:

***Наемнини***

Планираните трошоци за наем на опрема и недвижности за кои произлегува потреба во текот на работењето на МРТ за 2021 година изнесуваат 500.000 денари (помалку за 1.000.000 денари во однос на претходно планираните средства).

***Други трошоци од работење***

За оваа група на трошоци во 2021 година претходно беа планирани вкупно 38.600.000 денари, но со оглед на потребата од изменување на Финансискиот план на ЈРП МРТ за 2021 година со пренамена на средства и воведување на нова ставка наменета за сателитски сегмент, оваа група на трошоци на вкупен планиран износ е намалена за 430.000 денари и сега вкупно планираниот износ е 39.030.000 денари кои се однесуваат на следните видови трошоци:

- Адвокатски и нотарски услуги, ревизија на финансиски извештаи, услуги за вештачење, судски извршители, трошоци за опремување на сцена,
- Технички услуги, интелектуални услуги (преводи, изработка на елаборати, проекти),
- Услуги за ангажирање надворешни лица преку авторска агенција во секторите во кои во текот на работењето ќе се јави недостиг од кадар потребен за извршување на работните задачи,ставка која токму за да се надомести недостигот од вработени е зголемена за 8.000.000 денари и сега изнесува 22.000.000 денари;
- Трошоци за реализација на проектот Избор на песна – македонски претставник на Евросонг (Евровизија 2021 и Јуниорски евросонг 2021),
- Трошоци за сателитски сегмент.

***Членарини, котизации, ЗАМП и останати услуги***

Оваа група на трошоци е планирана во вкупен износ од 28.700.000 денари и опфаќа годишни членарини за ЕБУ, ЕРНО; ЦИРКОМ, котизации, трошоци за акредитации, мало авторско право ЗАМП, трошоци кон Агенција за филм согласно Законот за филмска дејност и останати трошоци од работење и истата во однос на планираниот

износ од 29.300.000 денари со претходниот финансиски план е намалена за 600.000 денари..

***Материјали и услуги за дигитализација***

За набавка на дигитални технички материјали и услуги за емитување на ТВ програмата за 2021 година планирани се средства во вкупен износ од 210.000 денари.

## Инвестиции

Планираниот износ за набавка на опрема и други инвестиции во текот на 2021 година е намален за 2.000.000 денари и истиот се планира да се одвива во рамки на вкупен износ од 5.300.000 денари кои би се намениле за обновување на постоечката и набавка на нова опрема потребна за непречено одвивање на тековното работење.

Планираните трошоци на ЈРП МРТ за 2021 година поединечно по ставки се претставени во табеларен преглед, а износите се изразени во денари.

**ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ**
**НА ЈРП МРТ ЗА 2021 ГОДИНА**

| А.ТРОШОЦИ | Остварени трошоци во 2020г | Финансиски план за 2021 год. | Остварени трошоци во 2021г (јуни) | Финансиски план за 2021 год.со пренамена на средства | индекси (5/3*100) | индекси (5/4*100) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| ***1) Трошоци за вработените*** | | | | | | |
| Бруто плати за вработени (основна плата,даноци,придонеси,минат труд,празнична,ноќна,г.о., боледување,платено отсуство) | 424,806,761 | 472,000,000 | 191,252,744 | 468,000,000 | 99.2 | 244.7 |
| Регрес за годишен одмор | 9,191,728 | 9,400,000 | 0 | 9,400,000 | 100.0 | 0.0 |
| Отпремнина за одење во пензија | 2,480,414 | 1,900,000 | 558,198 | 1,900,000 | 100.0 | 340.4 |
| Други лични примања (помош на вработени,останати надоместоци на вработени,испратнина, помош во случај на повреда или смрт на вработен или член на семејството и слично | 714,395 | 700,000 | 803,078 | 950,000 | 135.7 | 118.3 |
| Јубилејни награди за вработени и пригодни подароци за пензионирање | 1,670,647 | 1,000,000 | 0 | 750,000 | 75.0 | 0.0 |
| Трошоци за здравствени услуги | 0 | 610,000 | 0 | 610,000 | 100.0 | 0.0 |
| Трошоци за едукација | 166,020 | 300,000 | 4,720 | 300,000 | 100.0 | - |
| **Вкупно 1- трошоци за вработените** | **439,029,965** | **485,910,000** | **192,618,740** | **481,910,000** | **99.2** | **250.2** |

| А.ТРОШОЦИ | Остварени трошоци во 2020г | Финансиски план за 2021 год. | Остварени трошоци во 2021г (јуни) | Финансиски план за 2021 год.со пренамена на средства | индекси (5/3* 100) | индекси (5/4* 100) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| ***2)Патни трошоци*** | | | | | | |
| Дневници и ноќевања за службени патувања во земјата | 996,852 | 1,850,000 | 640,574 | 1,850,000 | 100.0 | 288.8 |
| Дневници и ноќевања за службени патувања во странство | 366,738 | 3,000,000 | 105,718 | 3,000,000 | 100.0 | - |
| Превоз и други патни трошоци за службени патувања во земјата | 0 | 100,000 | 0 | 100,000 | 100.0 | 0.0 |
| Превоз и други патни трошоци за службени патувања во странство | 58,166 | 1,400,000 | 19,276 | 1,400,000 | 100.0 | - |
| Сопствено возило за службени потреби | 293,403 | 300,000 | 30,866 | 270,000 | 90.0 | 874.7 |
| Услуги за патарина, останати услуги за патувања | 127,270 | 250,000 | 73,260 | 200,000 | 80.0 | 273.0 |
| **Вкупно 2** | **1,842,429** | **6,900,000** | **869,694** | **6,820,000** | **98.8** | **784.2** |
| ***3)Транспортни услуги*** | | | | | | |
| Услуги за такси превоз | 149,838 | 350,000 | 161,953 | 350,000 | 100.0 | 216.1 |
| Услуги за превоз на вработени | 0 | 250,000 | 0 | 250,000 | 100.0 | 0.0 |
| **Вкупно 3** | **149,838** | **600,000** | **161,953** | **600,000** | **100.0** | **370.5** |
| **Вкупно патни и транспортни трошоци** | **1,992,267** | **7,500,000** | **1,031,647** | **7,420,000** | **98.9** | **719.2** |
| **Заеднички трошоци** | | | | | | |
| ***4)Трошоци за суровини и материјали*** | | | | | | |
| Електричен материјал | 1,429,250 | 1,200,000 | 213,600 | 1,200,000 | 100.0 | 561.8 |
| Технички материјал | 1,405,934 | 1,000,000 | 150,682 | 1,000,000 | 100.0 | 663.6 |
| Материјал за кулиси и декор | 224,595 | 700,000 | 0 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Материјал за реквизита | 0 | 100,000 | 0 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Материјал за шминка и фризура | 0 | 100,000 | 0 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Разни прехранбени и други материјали за снимање | 0 | 100,000 | 0 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Материјал за поправка и одржување | 734,303 | 800,000 | 0 | 800,000 | 100.0 | 0.0 |
| **Вкупно 4** | **3,794,082** | **4,000,000** | **364,282** | **3,000,000** | **75.0** | **823.5** |
| ***5)Трошоци за останати материјали*** | | | | | | |
| Канцелариски материјал | 1,222,273 | 1,450,000 | 207,194 | 1,450,000 | 100.0 | 699.8 |
| Материјал за возен парк и останати материјали | 289,818 | 300,000 | 25,454 | 300,000 | 100.0 | 1,178.6 |
| Заштитна облека и обувки, ХТЗ опрема | 0 | 250,000 | 0 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 5** | **1,512,091** | **2,000,000** | **232,648** | **1,750,000** | **87.5** | **752.2** |
| ***6)Трошоци за енергија*** | | | | | | |
| Трошоци за електрична енергија | 15,778,726 | 21,500,000 | 5,210,834 | 20,000,000 | 93.0 | 383.8 |
| Трошоци за топлотна енергија | 9,080,768 | 11,500,000 | 5,004,179 | 11,500,000 | 100.0 | 229.8 |
| Трошоци за гориво и мазиво | 1,617,416 | 3,000,000 | 654,062 | 3,000,000 | 100.0 | 458.7 |
| **Вкупно 6** | **26,476,910** | **36,000,000** | **10,869,075** | **34,500,000** | **95.8** | **317.4** |
| ***7)Трошоци за ситен инвентар и автогуми*** | | | | | | |
| Ситен инвентар и автогуми | 882,870 | 5,000,000 | 135,564 | 2,600,000 | 52.0 | 1,917.9 |
| **Вкупно 7** | **882,870** | **5,000,000** | **135,564** | **2,600,000** | **52.0** | **1,917.9** |

| А.ТРОШОЦИ | Остварени трошоци во 2020г | Финансиски план за 2021 год. | Остварени трошоци во 2021г (јуни) | Финансиски план за 2021 год.со пренамена на средства | индекси (5/3*100) | индекси (5/4*100) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| ***8)Поштенски и телефонски услуги,интернет,аудио и видео линии*** | | | | | | |
| Телефонски трошоци-фиксна телефонија | 346,049 | 600,000 | 122,404 | 600,000 | 100.0 | 490.2 |
| Телефонски трошоци-мобилна телефонија | 1,792,940 | 2,200,000 | 765,244 | 2,200,000 | 100.0 | 287.5 |
| Трошоци за интернет услуги | 302,310 | 800,000 | 289,690 | 800,000 | 100.0 | 276.2 |
| Поштарина | 139,837 | 250,000 | 49,685 | 150,000 | 60.0 | 301.9 |
| Трошоци за користење аудио и видео линии | 5,775,523 | 10,000,000 | 2,432,430 | 10,000,000 | 100.0 | 411.1 |
| **Вкупно 8** | **8,356,659** | **13,850,000** | **3,659,453** | **13,750,000** | **99.3** | **375.7** |
| ***9)Услуги за одржување и заштита*** | | | | | | |
| Агенциски услуги за физичко обезбедување на објектите на МРТ | 4,716,892 | 4,500,000 | 1,626,785 | 4,500,000 | 100.0 | 276.6 |
| Инвестиционо и тековно одржување на основни средства | 2,405,120 | 5,000,000 | 576,111 | 5,000,000 | 100.0 | 867.9 |
| Инвестиционо и тековно одржување на градежни објекти | 6,019,239 | 4,000,000 | 11,800 | 4,000,000 | 100.0 | - |
| Одржување на возила | 978,519 | 2,500,000 | 280,288 | 2,500,000 | 100.0 | 891.9 |
| Одржување на ситен инвентар и автогуми | 82,927 | 150,000 | 9,771 | 150,000 | 100.0 | 1,535.2 |
| Услуги за одржување на ВЕБ страна | 995,011 | 1,000,000 | 333,772 | 1,000,000 | 100.0 | 299.6 |
| Агенциски услуги за одржување хигиена | 3,016,688 | 3,700,000 | 1,194,160 | 3,700,000 | 100.0 | 309.8 |
| Заштитни материјали, хигиенски и медицински средства за заштита на вработените од корона вирус | 843,622 | 1,000,000 | 51,900 | 1,000,000 | 100.0 | 1,926.8 |
| **Вкупно 9** | **19,058,018** | **21,850,000** | **4,084,587** | **21,850,000** | **100.0** | **534.9** |
| ***10)Комунални услуги*** | | | | | | |
| Гаражирање и паркирање на возила | 1,735 | 40,000 | 1,585 | 40,000 | 100.0 | 2,523.7 |
| Дератизација, дезинсекција и дезинфекција | 155,000 | 300,000 | 0 | 300,000 | 100.0 | 0.0 |
| Трошоци за ѓубретарина | 830,721 | 950,000 | 276,452 | 950,000 | 100.0 | 343.6 |
| Трошоци за вода | 3,368,673 | 3,300,000 | 457,753 | 3,300,000 | 100.0 | 720.9 |
| **Вкупно 10** | **4,356,129** | **4,590,000** | **735,790** | **4,590,000** | **100.0** | **623.8** |
| ***11)Останати услуги од работењето*** | | | | | | |
| Заверка на пасоши, визи и друго | 0 | 150,000 | 0 | 100,000 | 66.7 | 0.0 |
| Трошоци за огласи и конкурси | 137,822 | 400,000 | 92,472 | 400,000 | 100.0 | 432.6 |
| Трошоци за регистрација на возила, полномоштва и сл. | 111,766 | 400,000 | 49,353 | 250,000 | 62.5 | 506.6 |
| Шпедитерски услуги,царински услуги и слично | 14,136 | 200,000 | 22,703 | 100,000 | 50.0 | 440.5 |
| Трошоци за противпожарна заштита (полнење на ПП боци, сервисирање на ПП апарати) | 0 | 350,000 | 0 | 350,000 | 100.0 | 0.0 |
| **Вкупно 11** | **263,724** | **1,500,000** | **164,528** | **1,200,000** | **80.0** | **729.4** |
| ***12)Трошоци за амортизација*** | | | | | | |
| Амортизација на основни средства | 65,934,194 | 64,000,000 | 16,052,515 | 63,000,000 | 98.4 | 392.5 |
| Резервирања врз основ на судски спорови | 30,858,522 | 0 | 354,911 | 400,000 | 0.0 | 112.7 |
| **Вкупно 12** | **96,792,716** | **64,000,000** | **16,407,426** | **63,400,000** | **99.1** | **386.4** |

| А.ТРОШОЦИ | Остварени трошоци во 2020г | Финансиски план за 2021 год. | Остварени трошоци во 2021г (јуни) | Финансиски план за 2021 год.со пренамена на средства | индек си (5/3* 100) | индек си (5/4* 100) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| ***13)Вредносно усогласување (обезвреднување на средствата) и траен отпис*** | | | | | | |
| Вредносно усогласување на вложувања,ревалоризација на обврски,отпис на побарувања од купувачите | 6,048,934 | 2,000,000 | 0 | 1,000,000 | 50.0 | 0.0 |
| **Вкупно 13** | **6,048,934** | **2,000,000** | **0** | **1,000,000** | **50.0** | **#DIV/0!** |
| ***14)Трошоци за реклама, промоција, пропаганда и репрезентација*** | | | | | | |
| Трошоци за промоција и пропаганда | 49,792 | 100,000 | 0 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за репрезентација | 280,162 | 500,000 | 169,410 | 500,000 | 100.0 | 295.1 |
| **Вкупно 14** | **329,954** | **600,000** | **169,410** | **500,000** | **83.3** | **295.1** |
| ***15)Премии за осигурување*** | | | | | | |
| Премии за осигурување | 703,104 | 1,700,000 | 4,273 | 1,700,000 | 100.0 | - |
| **Вкупно 15** | **703,104** | **1,700,000** | **4,273** | **1,700,000** | **100.0** | **-** |
| ***16)Банкарски услуги и трошоци во платен промет*** | | | | | | |
| Такса за истакнување фирма | 0 | 10,000 | 0 | 10,000 | 100.0 | 0.0 |
| Банкарски услуги | 390,736 | 600,000 | 269,722 | 600,000 | 100.0 | 222.5 |
| **Вкупно 16** | **390,736** | **610,000** | **269,722** | **610,000** | **100.0** | **226.2** |
| ***17)Останати трошоци*** | | | | | | |
| Услуги за атестирање,изработка на елаборати за безбедност и заштита при работа и слично | 0 | 200,000 | 0 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за стручна литература и списанија | 80,300 | 200,000 | 56,000 | 100,000 | 50.0 | 178.6 |
| **Вкупно 17** | **80,300** | **400,000** | **56,000** | **100,000** | **25.0** | **178.6** |
| ***18)Трошоци за надомест и други примања на членови на Надзорен одбор, Програмски совет, Одбор на директори и управители*** | | | | | | |
| Надомест за членови на Надзорен одбор и Програмски совет на МРТ | 6,281,518 | 5,200,000 | 3,546,087 | 9,000,000 | 173.1 | 253.8 |
| **Вкупно 18** | **6,281,518** | **5,200,000** | **3,546,087** | **9,000,000** | **173.1** | **253.8** |
| ***19)Даноци , судски такси и друго*** | | | | | | |
| Даноци (задржан данок на странски правни лица при откуп на програма, данок на имот и сл.) | 3,698,411 | 3,000,000 | 3,284,242 | 3,650,000 | 121.7 | 111.1 |
| Судски трошоци и административни такси | 234,956 | 500,000 | 194,233 | 400,000 | 80.0 | 205.9 |
| **Вкупно 19** | **3,933,367** | **3,500,000** | **3,478,475** | **4,050,000** | **115.7** | **116.4** |
| ***20)Казни,пенали,надомест на штети*** | | | | | | |
| Казни,пенали,надомест на штети | 221,400 | 500,000 | 123,000 | 400,000 | 80.0 | 325.2 |
| **Вкупно 20** | **221,400** | **500,000** | **123,000** | **400,000** | **80.0** | **325.2** |
| ***21)Дополнително утврдени расходи од минати години*** | | | | | | |
| Дополнително утврдени расходи од минати години | 15,874,354 | 7,000,000 | 1,093,981 | 1,400,000 | 20.0 | 128.0 |
| Вкупно 21 | **15,874,354** | **7,000,000** | **1,093,981** | **1,400,000** | **20.0** | **128.0** |

| А.ТРОШОЦИ | Остварени трошоци во 2020г | Финансиски план за 2021 год. | Остварени трошоци во 2021г (јуни) | Финансиски план за 2021 год.со пренамена на средства | индекси (5/3*100) | индекси (5/4*100) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| ***22)Камати од работење и затезни камати*** | | | | | | |
| Камати од работење и затезни камати | 5,164,590 | 5,000,000 | 2,087,448 | 4,000,000 | 80.0 | 191.6 |
| **Вкупно 22** | **5,164,590** | **5,000,000** | **2,087,448** | **4,000,000** | **80.0** | **191.6** |
| ***23)Негативни курсни разлики*** | | | | | | |
| Негативни курсни разлики | 5,005,183 | 3,000,000 | 254,959 | 1,000,000 | 33.3 | 392.2 |
| **Вкупно 23** | **5,005,183** | **3,000,000** | **254,959** | **1,000,000** | **33.3** | **392.2** |
| **24)Трошоци за набавка на стоки и услуги до 1000 евра** | | | | | | |
| Трошоци за набавка на стоки и услуги до 1000 евра | 100,916 | 880,000 | 18,090 | 880,000 | 100.0 | - |
| **Вкупно 24** | **100,916** | **880,000** | **18,090** | **880,000** | **100.0** | **-** |
| **Вкупно заеднички трошоци** | **205,627,555** | **183,180,000** | **47,754,798** | **171,280,000** | **93.5** | **358.7** |
| ***25)Програмски права*** | | | | | | |
| Права за филмови | 20,312,791 | 19,000,000 | 9,152,569 | 15,000,000 | 78.9 | 163.9 |
| Останати програмски права | 92,320,477 | 52,000,000 | 24,262,842 | 52,000,000 | 100.0 | 214.3 |
| Надомест за фестивал ЕВРОСОНГ | 0 | 2,500,000 | 2,329,418 | 2,350,000 | 94.0 | 100.9 |
| Надомест за снимање фестивали | 92,542 | 500,000 | 0 | 500,000 | 100.0 | 0.0 |
| Права за спортски настани | 20,573,287 | 95,000,000 | 63,334,322 | 95,300,000 | 100.3 | 150.5 |
| Надомест за откуп на програми од независни продуценти | 0 | 1,000,000 | 0 | 13,000,000 | 1,300.0 | 0.0 |
| Копродукциски проекти | 105,128,694 | 99,000,000 | 67,845,353 | 110,000,000 | 111.1 | 162.1 |
| **Вкупно 25 - програмски права** | **238,427,791** | **269,000,000** | **166,924,504** | **288,150,000** | **107.1** | **172.6** |
| ***Останати трошоци од работење*** | | | | | | |
| ***26)Наемнини*** | | | | | | |
| Наем на опрема и недвижнини | 180,131 | 1,500,000 | 84,307 | 500,000 | 33.3 | 593.1 |
| **Вкупно 26** | **180,131** | **1,500,000** | **84,307** | **500,000** | **33.3** | **593.1** |
| ***27)Други трошоци од работење*** | | | | | | |
| Адвокатски и нотарски услуги | 331,754 | 600,000 | 351,936 | 600,000 | 100.0 | 170.5 |
| Ревизија на финансиски извештаи | 899,514 | 1,000,000 | 295,000 | 1,000,000 | 100.0 | 339.0 |
| Услуги за вештачење | 9,440 | 200,000 | 9,440 | 100,000 | 50.0 | 1,059.3 |
| Технички услуги | 2,316,230 | 5,000,000 | 0 | 5,000,000 | 100.0 | 0.0 |
| Трошоци за опремување сцена | 1,981,386 | 1,800,000 | 329,400 | 1,500,000 | 83.3 | 455.4 |
| Интелектуални услуги (преведувачки услуги,изработка на проекти,елаборати и сл.) | 5,553,157 | 4,000,000 | 14,854 | 1,700,000 | 42.5 | - |
| Информативни услуги од агенции во земјата и странство | 0 | 50,000 | 0 | 50,000 | 100.0 | 0.0 |
| Авторски договори-авторска агенција | 15,637,992 | 14,000,000 | 6,755,114 | 22,000,000 | 157.1 | 325.7 |
| Трошоци за проект Евровизија | 2,090,129 | 8,000,000 | 1,130,943 | 3,750,000 | 46.9 | 331.6 |
| Трошоци за судски извршители | 18,293 | 350,000 | 15,353 | 200,000 | 57.1 | 1,302.7 |
| Сателитски сегмент | 0 | 3,600,000 | 0 | 3,130,000 | 86.9 | 0.0 |
| **Вкупно 27** | **28,837,895** | **38,600,000** | **8,902,040** | **39,030,000** | **101.1** | **438.4** |
| ***28)Членарини, котизации,такси,ЗАМП,останати услуги*** | | | | | | |
| Годишни членарини - ЕБУ, ЦИРКОМ | 9,951,605 | 10,000,000 | 6,867,746 | 10,000,000 | 100.0 | 145.6 |
| Котизации и акредитации | 0 | 300,000 | 0 | 200,000 | 66.7 | 0.0 |

| А.ТРОШОЦИ | Остварени трошоци во 2020г | Финансиски план за 2021 год. | Остварени трошоци во 2021г (јуни) | Финансиски план за 2021 год.со пренамена на средства | индек си (5/3* 100) | индек си (5/4* 100) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| Мало авторско право (ЗАМП) | 13,251,833 | 14,500,000 | 2,656,076 | 14,500,000 | 100.0 | 545.9 |
| Надомест за Агенција за филм согласно Закон за филмска дејност | 0 | 4,500,000 | 0 | 4,000,000 | 88.9 | 0.0 |
| **Вкупно 28** | **23,203,438** | **29,300,000** | **9,523,822** | **28,700,000** | **98.0** | **301.3** |
| ***29)Материјали и услуги за дигитализација*** | | | | | | |
| Набавка на дигитални технички материјали и услуги (архивирање) | 422,514 | 210,000 | 121,470 | 210,000 | 100.0 | 172.9 |
| **Вкупно 29** | **422,514** | **210,000** | **121,470** | **210,000** | **100.0** | **172.9** |
| **Вкупно останати трошоци од работење** | **52,643,978** | **69,610,000** | **18,631,639** | **68,440,000** | **98.3** | **367.3** |
| **А.ВКУПНО ТРОШОЦИ** | **937,721,556** | **1,015,200,000** | **426,961,328** | **1,017,200,000** | **100.2** | **238.2** |
| **Б.ИНВЕСТИЦИИ** | | | | | | |
| **Набавка на опрема и инвестиции** | 1,878,793 | 7,300,000 | 0 | 5,300,000 | 72.6 | 0.0 |
| **Б.ВКУПНО ИНВЕСТИЦИИ:** | **1,878,793** | **7,300,000** | **0** | **5,300,000** | **72.6** | **0.0** |
| **ВКУПНО РАСХОДИ (А+Б)** | **939,600,349** | **1,022,500,000** | **426,961,328** | **1,022,500,000** | **100.0** | **239.5** |

Скопје, Јули 2021 година